Цветан ГРОЗДАНОВ

# ПОРТРЕТИТЕ НА КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ОД XIV BFK НАДВОР ОД ОХРИД

Претпоставки за широк продор на Климентовите портрети надвор од потесниот појас на Охридската архиепископија се создадоа кон крајот на XIII век, кога дојде до смирување на северната византиска граница во Македонија. Воспоставувањето на роднински врски меѓу владетелските династии на Византиското царство и Србија со мажењето на принцезата Симонида, ќерка на царот Андроник II Палеолог за српскиот крал Милутин во 1299 година, го прекина седмунаесетгодишното војување на тлото на Македонија. Со овој чекор на кралот Милутин, средновековната српска држава трајно влезе во византиската државно-правна и културна сфера. Познато е дека Симонида и Милутин беа венчани од охридскиот архиепископ Макарие и покрај тоа што цариградскиот патријарх и црковните високодостојници околу него оваа брачна врска ја сметаа за неканонска, најмногу заради поранешните брачни врски на српскиот крал, но, како што беше царот Андроник II Палеолог заинтересиран за воспоставување траен мир на византиската граница во Македонија, исто така и охридскиот архиепиској настопуваше да ја сочува својата диецеза и од своја страна го помогна регулирањето на односите меѓу двете држави[1].

Непосредно по 1299 година, зографите Михаил и Евтихие, коишто во претходните години го завршија своето големо сликарско дело во охридската црква Богородица Перивлепта (Св. Климент), сега можеа да минат во северна Македонија и Србија и да ги украсуваат со живопис храмовите што ги подигнуваше или ги обновуваше кралот Милутин. Се смета дека околу 1300-та година Михаил и Евтихие ги насли-

[1] За византиско-српските односи во време на владеењето на Андроник II Палеолог и калот Милутин сп., К. Јиречек, Историја Срба, I, Београд 1952², 191—200; М. Ласкарис, Византијске принцезе у средњевековној Србији, Београд 1926, 68; М. Динић Однос између краља Милутина и Драгутина, ЗРВИ, 3, Београд 1955, 49—80, каде што се анализираат приликите во Србија во крајот на XIII и во почтокот на XIV век В. Мошин, Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин II, Скопје 1977, 186—198; Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство од XIV век Охрид 1980, 11—13; за односите на кралот Милутин со Крало Валоа в. L. Mavro matis, La Serbie de Milutin entr Byzance et l'Ocsident, Byzantion, XVIII, Bruxelles 1973 120—150.

кале фреските во западниот травеј на црквата Св. Апостоли во Пеќ, но во претстојниот период, во првите години на XIV -от век, изворните вести не укажуваат на нивни сликарски ангажмани.

Првата хомогена група на Климентовите портрети, вон од диецезата на Охридската архиепископија, ја среќаваме во спомениците од втората деценија од XIV век .Тоа се Климентовите ликови во Кралевата црква (Студеница) 1314 година, во Старо Нагоричано 1316—18 година, во Грачаница, околу 1320, а од тога е и специфичната Климентова претстава во црквата Св. Никите Бањански крај Скопје[2]. Поновите проучувања на историските вести и на ликовната еволуција на мајсторите Михаил и Евтихие, недвосмислено потврдуваат дека интензивни врски меѓу Византија и Милутиновата српска држава отпочнале дури по 1312 година. Во претходните години, во српските краишта се одивале внатрешни судири и династички пресметки меѓу привржаниците на кралот Милутин и антивизантиски ориентираните властелиниски кругови. Во тие години се знае дека кралот Милутин, за да ги обезбеди териториjалните придобивки во Македонија, кои царот Андроник II му ги отстапи како мираз, тајно склучи сојуз со Карло Валоа (130 г.), предводникотна антивизантискиот сојуз на Запад и ја обезбеди и од таа страна санкцијата за запоседнатите територии во Македонија. Денес се знае деказначајните споменици живописани од зографите Михаил Астрапа, Евтихие, нивните соработници и современици се датирани по 1313 година и дека настанале по смирувањето на династичките борби на српскиот двор и стаблизиацијата на односие со Византија[3].

Во работилницата на Михаил и Евтихие првиот Климентов портрет насликан во северна Македонијае секако оној во црквата Св- Ѓорѓи — Старо Нагоричано од 1316 година. Клименти зад него архиепископот Константин Кавасила насликани се на северниот ѕид, во протезисот, во низот на архиереите од Поклонението на Христос-жртва. Покрај Климентовиот лик, на грчки јазик е испишана неговата сигнатура, која точно го определува како охридски светител[4]. Просторно, очигледна е врската со поранешниата претстава на Климент и Кавасила во Богородица Перивлепта во Охрид; имено, тие сега не стојат фронтално покрај олтарската преграда, туку на истиот ѕид се поместуваат во протезисот, во тричетвртински став, вклучени во литургиската служба.

[2] За портретот во Кралевата црква во Студениuа сп., Ц. Грозданов, Портретите на Климент Охридски во средновековната уметност, Словенска писменост, Охрид 1966, 103; П. Миљковиќ-Пепек, Делото на зографите Михаило и Еутихиј, Скопје 1967 Т. XCII; За Старо Нагоричано, сп., В. Петковић, Старо Нагоричано, Псача, Калинић Београд 1933, 14, Т. VIII; Ц. Грозданов, Портретите на Климент Охридски, 103—104 Портретот во Грачаница го споменува В. Петковић, Преглед црквених споменика кроз повесницу српског анарода, Београд 1950, 80; за ликот во Св. Никита сп., Ц. Грозданов, Односот меѓу портретите на Климент Охридски и Климент Римски во живописот од првата половина на XIV век, Кирил Солунски, I, Скопје 1970, 101—102, сл. 3.

[3] В. Мошин, Манастирот Св. Никита крај Скопје и хиландарскиот приг Хрусија, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I, Скопје 1975, 26—267; во истиот Зборник сп., П. Миљковиќ-Пепек, Црквата Св. Никита во Скопска Црна Гора како историско-уметнички споменик, 281—283.

[4] В. Петковић, Старо Нагоричано, Псача, Каленић, 14, Т. VIII,

Климентовиот портерт во Старо Нагоричано ја нема внатрешната сила на ликот, карактеристична за неговиот портрет во Перивлепа; овде. Климентовата фигура е маниристички издолжена, скоро без волумен

Проучувањата на културните и книжевните врски меѓу Охрид најстар период, укажуваат дека ширењето на словенската писменост во краиштата на Зета го имале своето извориште во Климентовата дејност о Охрид. Исто така се мисли дека книжевните состави на првите словенски учители биле познати меѓу писателите од овој период, како што е тоа случајот со истакнатиот хроничар поп Дукљанин[5]. Познато е мислењето дека книжевните и други дела од кругот на Солунските браќа Кирил и Методиј и нивните ученици биле познати на српскиот двор, пред сѐ, кај синовите на Стефан-Симеон Немања[5]. Исто така непосредни позајмици од делото на Климента се појавуваат во творештвото на истакнатиот писател од XIV век, архиепископот Данило[6]. Сепак, според нашите сознанија, во ликовната уметност на старите српски краишта портретите на словенските учители од охридскиот круг не се појавија во сликарската програма на црквите пред почетокот на XIV век.

Најстар познат Климентов портрет во краиштата на старата ска држава сочуван е во Кралевата црква (1314 г.), во комплексот Студеница, насликан непосредно пред живописувањето на Старо Нагоричано. Како што е познато сликарскиот ансамбл на Кралевата црква мошне тесно се поврзува со создавањто на работилницата на зографите Михаил Евтичие во зрелиот период на нивната дејност[7]. Во оваа-заветнина на кралот Милутин Климент е насликан како допојасна претстава, на западната страна од прозорецот на јужниот ѕид од црквата, над самата олгарска преграда. Поставен е фронално, носи фелон и омофор, а со рацете покриени со горната одежда, држи пред себе затворено евангелие. Би забележиле дека во Кралевата црква, исто тако и во Старо Нагоричано, Климент носи фелон (а не полиставрион), што е сосема во склад со охридските традиции на неговото претставување. Исто така би укажале на фактот дека сигнатурата од дете страни на неговата глава е испишана словенски кⷧимнїє, но со јотуван крај на името на светителот, според карактеристиките на рашката редакција[8]. На ист начин како и во Старо Нагоричано, овде Климентовата коса и долга бела брада се третирани на ист начин, шо укажува на иста традиција во сликарската работилница. Климентовиот лик во Кралевата црква спаѓа во редот на најубавите слиарски остварувања на неговиот портрет од времето на класицистичкиот период на палеоглоговската рене-

[5] Д. Павловић, Једна позајмица архиепископа Данила из Климента Охридског, Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор, књ. XX, св. 3—4, Београд 1954, 260—263; В. Ћоровић, Међусобни односај биографија Стефана Немање, Светсавски зборник, Београд 1939, 8—10.

[6] Д. Павловић, о. ц., 260—263.

[7] П. Миљковиќ-Пепек, Делото на зографите Михаило и Еутихиј, 214—217, тесно ги сврзува фреските од овој споменик со делото на Михаил и Евтихие; сп., исто така и В. Ј. Ђурић, Византијске фреске у Југославији, Београд 1974, 51.

[8] Ц. Грозданов, Охридске белешке, Зограф, 3, Беогарад 1969, 14.

санса, се одликува со потполност на изведбата, но не е психолошки издиференциран.

Климентовиот лик во Грачаница (околу 1320 г.), идентификуван е како портрет на охридскиот светител дури неодамна[9]. Тој е насликан покрај египетскиот проповедн к и маченик св. Епимах, на полукружното високо поле на поороодот од наосот во ѓакониконот на црквата. Пред нас е досега речиси непознат, репрезентативен портерет на Климент, насликан во цел раст, фронтално, со евангелие пред градите, во архиерејска одежда. Физиономијата на Климента во Грачаница е мошне карактеристична со точно фиксираните белези како што се ширикото, високо чело со малку коса; лицето коешто се стеснува во долниот дел кон устата и косата и брадата коишто се, речиси, бели. Типолошки, овој лик потсетува на постарите Климетнови портрети од охридскиот круг (Канео) и напортретите насликани во северна Македонија, во втората половина на XIV век.

Во ова хронолошко раздобје сосема специфично место зазема ликот на црквата Св. Никола Бањански (околу 1320 г.) сигниран како Климент Римски. Тоа е допојасна претстава на јужната страна од лачниот ѕид над влезот од наосот во ѓакониконот на црквата; насликан е во полиставрион, со омофор над рамењата и затворено евангелие во левата рака. Сочуваната сигнатура која го означува ликот како претстава на истакнатиот римски архиереј би требало да ги отстранува сите колебања околу идентификацијата на светителот. Меѓутоа, сликарот не ги издвојува белезите на овој лик од оние што му се припишуваат на Климент Охридски. Споредбата на оваа претстава од Св. Никита со ликот на Климент Охридски од Перивлепта укажува на низа сличности меѓу нив, коишто го наметнуваат проблемот на недоволна издиференцираност на некои претстави на римскиот и охридскиот Климент.

Препораките на светогорскиот сликарски прирачник на Дионисие од Фурна за сликањето на римскиот архиереј се премногу концизни: „Свети Климент Римски: старец, широка брада“, а во календарските упатства стои: „24 ноември, св. Климент (Римски), старец, голема брада“[10]. И покрај тоа што во ширењето на култот на Климент Римски Солунските браќа и нивните ученици одиграа мошне значајна улога[11], дури пак Климент Охридски, како што со право се мисли, го доби своето монашко име според името на Климент Римски[12], сепак, изненадуваат појавите на „заменувањето“ на нивните физиономии, па дури и

[9] Врз основа на првото укажување на В. Петковић, Преглед црквених споменика, 80, можевме да констатираме дека е насликан точно Климент Охридски, во црквата е претставен и ликот на св. Климент Римски.

[10] За ова прашање сп., Ц. Грозданов, Односот меѓу портретите, 101—102.

[11] К. Петров, Истражувања на непознати претхерсонески допири на Кирил и Методи со култот на Климент Римски, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 4 (30), Скопје 1978, 177—197. Во овој, прв дел од студијата авторот ги истражува сознанијата за Климент Римски што можеле да ги стекнат Кирил и Методи пред нивното делување во Херсонес.

[12] В. А. Теодоровъ-Баланъ, Свети Климентъ Охридски въ книжовния поменъ и въ научното дирене, София 1919, 72, 77.

на сознанијата за нивниот идентитет, особено во некои средини оддалечени од Охрид. Впрочем, во средновековните скриптории воочени се појавите кај некои препишувачи делата на Климент Охридски да ги озаглавуваат како дела на Климент Римски. Во оваа група на ликови би го приклучиле и портретот од црквата Св. Богородица Одигитрија во село Мушутиште крај Призрен од околу 1315—20 година[13], каде што во сигнатурата не е означено дали е во прашање ликот на римскиот или охридскиот светител, дури пак, ликот е третиран со вмешувае на белезите на нивните физиономии.

Во низот на оваа хронолошка група, се наметнува освртот и врз еден Климентов лик насликан во познатата солунска црква Св. Никола Орфанос. Уште во првата монографија за живописот на овој споменик се спомнуваат ликовите на двајца истоимени светители, од кои едниот, во олтарот, е сигниран како Климент Анкирски, а другиот, насликан во северниот дел, има добро сочувана грчка сигнатура со името на Климента[14]. Тој е насликан фронтално, во цел раст, на тесниот простор до бордурата на сводниот раб; за жал, неговата глава е мошне оштетена. Авторот на втората монографија[15] за живописот на оваа црква, поаѓајќи од нашите поранешни истражувања на Климентовите портрети, смета дека во оваа претстава го имаме ликот на Климент Охридски. Објаснувањето на оваа идентификација е доста убедливо: бидејќи Климент Анкирски е означен со сигнатура во олгарскиот просотор, а ликот на Климент Римски најчесто се сигнира со додатокот во кој се истакнува дека е римски архиерей, а во овој случај сигнатурата на Климента, без други додатоци, како што е тоа случај на повеќе негови портрети во Македонија и Србија, може да се однесува само на охридскиот заш-заштитник. Појавата на овој лик во Солун во црквата Св. Никола Орфанос од околу 1320—1325 год[16], се доведува во непосредна врска со присуството на постарите Климентови портрети во работилница на Михаил Астрапа, Евтихие и нивните соработници и современици.

Во охридската и пошироко во македонската средновеконвна уметност, светителите од солунскиот и светогорскиот култ беа присутни во сликарската програма на спомениците. Разбиливо, богословските и ликовни идеи на солунската средина беа познати во охридскиот круг кој одгледуваше блиски врски со големите центри на Византиското царство[17]. Во овој случај, ние се среќаваме со обратен процес, т.е. на влијание

[13] В. Ј. Ђурић, Непознати споменици српског средњовековног сликарства у Метохији, Старине Косова и Методије, књ. II—III, Приштина 1963, 64, сл 4.

[14] А. Ξυγγόπουλος, οἱ τοιχογραφίες τοῦ ἁγ. Νικολάου ʻΟρφανοῦ Θεσσαλονίκης, ʼΑθῆνα 1964 IV, 5.

[15] ʼΆννα Τσιτουρίδου, ʻΗ ἐντοιχία ζωγραφική τοῦ ἁγίου Νικολάου στή Θεσσαλονίκη, Θεσσαλονίκη 1978, 11—12.

[16] Во врска со датирањето на Св. Никола Орфанос би ги спомнале предлозите на А. Ксингопулос кој мисли дека фреските се од околу 1310—1320 г. (в. заб. 14) на А. Цитуриду која смета дека е спомеником од околу 1315. (в. заб. 15) и на П. Миљковиќ-Пепек, Црквата Св. Никита, 382—383, кој овој споменик го датира во 1320—1325., што е за нас најприфатлив предлог.

[17] Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство од XIV век, 180—181.

на најистакнатиот охридски култ во солунската средина, што е појава од особен културно-историски интерес.

Во живописот од втората четвртина на XIV век, Климентовиот лик се открива дури во ансамблот на црквата Богородица Одигитрија во комплексот на Пеќската патријаршија. Примерокот од Пеќ во типолошки поглед не ги следи примарните, изворни традиции во обликувањето на Климентовата физиономија. Климент е насликан како допојасна фигура на тесниот лачен ѕид над главниот олтарски простор, во фризот на медалјони, меѓу св. Амвросие и св. Јаков братот на Бога. Климентовото име, меѓутоа, испишано е во изворен вид, со укажување дека е во прашање охридскиот мисионер[19]. Но, овој портрет ги донесува повеќето карактеристики што ги забележуваме и на ликот од св. Климент Римски, што би зборувало и за тоа дека мајсторите не го познавале точниот изглед на Климент Охридски. Како што укажавме и порано, порачката на ликот на Климент Охридски искажана и во самата сигнатура с҃т ы҃ Климєньт Ѡхрндьскы секако потекнувала од ктиторот на црквата, архиепископот Данило II (1324/37), кој што го нарачал овој живопис пред крајот на своето архиерејство[18]. Неговата многустраност и широка наобразба влијаеле врз уметничкиот живот на српската средновековна средина, што е одамна забележено во историографијата; затоа и веруваме дека истакнатиот поглавар на српската црква го барал сликањето на Климент Охридски. Во истражувањето на српската средновековна книжевност, на пр., се истакнува фактот дека архиепископот Данило II се инспирирал до текстот на Похвалното слово за Кирил Филозоф што го напишал Климент Охридски и дека со делови од тој текст се послужил во описот на смртта на кралот Милутин[25]. Може да се помислува дека овој истакнат писател и архиепископ со делото на Солунските браќа и на Климента се запознал во текот на неговиот подолг престој во Света Гора и особено во словенските манастири Хиландар, Зограф и Св. Пантелејмон.

Во Северна Македонија, од средината на XIV век, се идентификувани два Климентови портрета: постариот е од 1356—60 во Богородичната црква над с. Матејче, Кумановско[21], а другиот во црквата Св. Никола кај с. Псача, близу Крива Паланка[22]. Во Матејче К.имент е насликан како допојасен лик, на северниот ѕид од ѓаконикот, фронтално, со затворено евангелие пред себе. Овој примерок не спаѓа во редот на репрезентативните Климентови портрети, а неговите типолошки црти не се сосема точно вообличени. Во грчкиот натпис од двете страни на главата,

---

[18] М. Ивановић, Црква Богородице Одигитрије у Пећкој патријархшији, Старине Косова и Метохије, II—III, Приштина 1963, 144.

[19] За улогата на ктоторот Данило во концепирањето на сликарската програма на црквата сп., С. Радојчић, Старо српско сликарство, Београд 1966, 125.

[20] Д. Павловић, Једна позајмица архиепископа Данила из Климента Охридског, 260—263.

[21] Н. Окуњев, Грађа за историју српске уметности. Црква св. Богородице — Матеич, Гласник Скопског научног друштва, VII—VIII, Скопље 1930, 112.

[22] Според нашите теренски набљудувања.

ликот се означува со целосна сигнатура како Климент Охридски, а во овој сликарски ансамбл сочувани се исто така и ликовите на Климент Римски и Климент Анкирски со потполни грчки сигнатури[23].

Климентовиот лик во црквата Св. Никола крај Псача од околу 1366 година, насликан е над влезот во ѓакониконот, а поставен е фронтално, со евангелие во левата рака. Има омофор со големи црни крстови и полиставрион што широко се спушта под надбедреникот. Иако овој портрет е насликан како пандан на ликот на папата Леон, неговата физиономија ги содржи сите белези на Климент Охридски, собено карактеристични во уметноста од втората половина на XIV век. Светителот на фреската во Псача е претставен со остар поглед, набрано чело и подигнати веѓи, со што се подвлекува сугестивноста на овој архиереј и проповедник.

Во Марковиот манастир крај Скопје сочуван е еден од најзначајните Климентови портрети во уметноста од XIV век[24]. Во заветнината на кралот Марко, посветена на солунскиот заштитник св. Димитрија, Климент е насликан во низата на црковните оци коишто се вклучени во службата на Божествената лигургија, во олтарскиот простор на црвата. Климентовата фигура е насликана на западната преграда од ѓакониконот, како претпоследна во јужната архиерејска низа, зад св. Спиридон, а пред св. Власие. Вешнаш треба да укажеме дека во Божесте ната литургија се насликани дванаесет црковни оци од кои сите, освен Климент и св. Власие, имаат екуменско значење[25]. Надвор од олтарот, во првата зона на црквата, од архиереите насликан е само св. Никола, веднаш до довратникот на јужниот влез, блиску до храмовиот лик св. Димитрија. Сознанието дека во најниското појас на овој споменик, меѓу стоечките фигури на светителите, само Климент Охридски е претставник на фигурите од локалниот култ, на програмската целина од Марковиот манастир ѝ дава особен белег.

Климент Охридски е насликан во цел раст, во тричетвртински став, во архиерејската одежда, со полиставрион и фелон. Сигниран е во првиот дел на грчки јазик (ὁ Ἅ/γ(ιο)ς), а името е испишано словенски (Климиѥ). Пред себе, со двете раце, Климент држи развиен свиток на кого се читаат почетните зборови на замовната молитва[26]; текстот на свитокот, во четири, реда, го донесуваме според копијата од оригиналот: (в. прилог)

Како што е и порано констатирано, фигурите од долниот појас на олтарот во Марковиот манастир се дело на втората група на зогра-

---

[23] Н. Окуњев, о. с., 112.

[24] Климентовиот портрет од Марковиот манастир репродуциран е првпат во изданието Споменица двадесетипетогодишњице ослобођења Јужне Србије, Скопље 1937, 195. Пред тоа, во монографијата на Л. Марковић и Ж. Тадић, Марков манастир, Нови Сад 1925, 33, не е идентификуван Климентовиот портрет, но точно е одреден текстот испишан на свитокот што го држи охридскиот светител.

[25] Поопширно за Божествената литургија во Марковиот манастир и за местото на Климент Охридски во неа сп., Ц. Грозданов, Из иконографије Марковог манастира Зограф, 11, Београд 1980, (во печат).

[26] За заамвоната молитва сп., Архимандриту Киприань, Евахаристия, Парижь 1947, 333—334; Л. Мирковић, Православна лигургика II, Београд 1966, 121—122.



фи кои се вклучени во живопишувањето на завршниот дел на работата, под средината на ѕидовите на храмот, почнувајќи со композициите на Акатистот на Богородица[27]. Климентовиот лик е дело на другиот мајстор од оваа група којшто вообличува фигури без нагласен пластицитет и изразност на лицето. Тој работи со градација на окерни тонови, оставајќи „празни" површини на фигурата; таков е и Климентовиот лик, насликан со сите особености на неговата физиономија, со нагласено чело, без коса, заокружено со еден голем сегмент над очите; насликан е без внатрешна сила или сугестивност на изгледот[28].

Композицијата на Божествената литургија, во која е вклопен и Климент Охридски, е најсложена литургиско-евхаристична претстава од XIV век во земјите на Балканот. Изучувајќи ја оваа слика, покажавме дека во неа се вообличени сите фази на литургијата, од службата на проксимидијата, потоа, службата на огласените и на верните и дека е на крајот, низ текстови на свитоците на Климент Охридски и св. Василие одбележан крајот на Златоустовата литургија. Исто така укажавме дека во оваа величествена композициска замисла се вклучени водечките екуменски литургичари, насликани блиску до Христа, кои како архиереи, служат во средишниот дел на главниот олтарски простор. Заамвоната молитва чиј почеток е испишан на Климентовиот свиток, свештеникот ја изговара во средината на храмот, стоејќи зад амвонот, откако претходно го објавил крајот на литургиската богослужба. Тоа е всушност, молитва за спас на народот, на наследството, на мирот. Според Герман Цариградски, заамвоната молитва е „печат на сите молитви", бидејќи во неа се споменуваат најглавните молби на верниците[29].

Поголем дел од живописот на Марковиот манастир го извеле зографи, формирани во Охрид, каде што извеле повеќе свои дела за време на архиепископувањето на Григорие II. Тоа се мајстори кои добивале порачки од највлијателните личности на Архиепископијата, а ним им било доверено и живописувањето на Климентовиот манастир Св. Пантелејмон (Стар св. Климент) во текот на последниот сликарски зафат во ова охридско светлилиште[30]. Како што веќе истакнавме, Климентовиот лик на Марковата заветнина не е дело на мајсторите за кои е утврдено дека се претсавници на охридските сликарски работилници. Климентовата фигура е насликана од зограф кој е претставник на монашката насока во живописот на Северна Македонија. Трагови од неговото создавање, според досегашните сознанија, во Охрид сè уште не се откриени, но во охридскиот сликарски круг сепак постојат дела работени во сличен дух, како што е тоа случајот со фреските во ниската зона од паркалисот Св. Григорие Богослов, приѕидан кон црквата св. Богородица Перивлепта, сигурно датиран во 1364/65 год.

---

[27] В. Ј. Ђурић, Марков манастир — Охрид, Зборник за ликовне уметности (књига Дејана Медаковића) 8, Нови Сад 1972, 139—141; Ц. Грозданов, Новооткривене композиције Богородичног акатиста у Марковом манастиру, Зограф, 9, Београд 1978, 41

[28] Истото.

[29] Л. Мирковић, Православна литургика, II, 121—122.

[30] Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство од XIV век, 148—189.

На крајот од овој осврт за Климентовиот лик во Марковиот манастир би споменале дека Марковата држава во времето на постанокот на овој сликарски ансамбл 1376/77 се наоѓаше под црковна власт на Охридската архиепископија. Со тогашниот охридски поглавар Григорие II, уште пред маричката битка тесно соработуваа кралот Волкашин и брат му Јован Угљеша, господарот на Серската област. По погибијата на кралот Волкашин и по смртта на царот Урош во крајот на 1371 год., Пеќската патријаршија за наследник на Немањиќите го сметаше кнезот Лазар, дури пак Марко, иако единствен владетел со титула крал, остана сврзан со охридската црковна автокефалија, без поддршка на српската црква. Тој факт произлегува и од отуството на кралот Марко на соборот во 1375 год., свикан за избор на српски патријарх. Разидувањето на кралот Марко со српската црква и неговата положба во Македонија, надвор од континуитетот на немањиќките државни традиции, во Марковиот манастир добива и своја ликовна потврда: ликовите на Симеон Немања и св. Сава Српски не најдоа свое место во концепцијата на овој голем сликарски ансамбл[31].

Климентовиот лик е и во заветнината на Андреаш, второродениот син на Волкашин, во црквата Св. Андреа на Треска крај Скопје, 1389 год. Тоа е всушност, мала, допојасна претстава, фронтално насликана во низата на архиереите во главната олтарска апсида, над композицијата Поколение на Христос — жртва[32]. Оваа допојасна слика поставена е во средишниот дел на овој појас, на почетокот на јужната половина во главниот олтарски простор, во гупацијата на архиереи што ја сочинуваат: св. Силвестар Римски, св. Григорие од Ниса, св. Спиридон, св. Григорие од Велика Ерменија, св. Епифание Кипарски, св. Климент, еден светител чија сигнатура е во поголем дел уништена и св. Герман Цариградски[32].

Во заветнината на Андреаш, Климент типолошки не е сосема издиференциран, но е најблизок на карактеристиките што ги има охридскиот светител. Насликан е со долга седа брада и мошне кратка седа коса, рамномерно распоредена на челото. Со својот нагласен пластицитет и пиктурална заситеност, овој лик ги има сите белези на сликарската постапка на првиот мајстор на овој споменик, митрополитот Јован Зограф. Сигниран е грчки, како и сите светители во црквата, но со невообичаена генитивна форма на името Κλιμεντοѕ. Со десната рака држи евангелие, а левата ја има ставено под полиставрионот. За разлика од Марковиот манастир, во овој насалмбл не е докрај спроведен издиференцираниот однос кон одддлни светителски култови. Така на пр., во големата низа, надвор од апсидалниот дел, на јужниот ѕид е насликан св. Сава, а на северниот св. Симеон Немања, коишто имаат добро сочувани грчки сингнатури. Првиот мајстор на фреските Јован Зограф, роден во с. Зрзе, Прилепско, уметнички формиран уште во годините на царството, најверојатно во најголемите тогашни центри Солун или Ца-

[31] Id., 20—21.
[32] В. Петковић, Преглед црквених споменика, 4.
[32]-а. Според нашите теренски белешки.

риград, во оваа сликарска програма на Андреаш постави повеќе светителски фигури од различни култови и екуменска широчина[33].

На крајот би го допреле и прашањето на местото на оваа црква во однос на тогашните територијални и властелински поседи во близината на Скопје. Пред сè би потсетиле на недостигот од вести за односите помеѓу кралот Марко од една страна и Вук Бранковиќ, син на поранешниот охридски севастократор Бранко, кој по маричката битка 1371 год. влегол во Скопје и го задржал под своја власт, сè до воспоставувањето на непосредна турска управа. Живописувањето на Марковиот манастир завршено во 1376/77 и на Св. Андреа, во 1388/89 год., покажува дека овие споменици во околината на Скопје биле надвор од власта на Вук Бранковиќ. Тоа се потврдува, на посреден начин и со местонаоѓањето на селата и поседите на св. Андреа, коишто се наоѓаат јужно од манастирската црква, во поречието на Треска, под планините Осој и Сува Планина[34], т.е. надор од „Вуковата држава".

Во краиштата блиски до Охрид, на почвата која секогаш била под јурисдикција на Охридската архиепископија, во Костур, засега се откриени само два портрета на Климент, датирани со натписи во втората половина на XIV век. Едниот е насликан во црквата Св. Архангели (ТакЈјарси) од 1359/60, а другиот е во црквата св. Атанасија од 1383/84[35], т.е. од годините што непосредно претходеа на воспоставувањето тург управа.

Во црквата Св. Архангели чијшто ктитор е јеромонахот Данил, Климент е насликан како допојасен лик, фронтално, во полиставрион, а е дело на сликар со мошне скромни ликовни можности. Климент е претставен со не многу долга, подбелена брада и разредена коса на челото, без нагласени физиономски карактеристики и без психолошка продлабоченост. Како и целиот сликарски ансамбл и Климентовиот лик е дело на локален занаетчија, којшто примал мали сликарски порачки меѓу Костур, Преспа и Охрид.

Во ктиторскиот натпис на црквата се истакнува дека е таа подигната за време на владеењето на Симеон Урош, кој на други документи се потпишува и како Палеолог, заедно со син му Јован Дука[36]. Познато е дека Симеон Урош Палеолог се прогласил за цар во Костур непосредно по Душановата смрт, во почетокот на 1356 год., се отцепил од дравата на царот Стефан Урош и војувал против него[37]. Како што укажавме порано, тогаш Костур престанал да биде „прототрон" — првопрестолна катедра на Охридската архиепископија, за таа функција да ја преземе архиерејот на соседната епархија во Девол, Григорие Деволски[3]

[33] В. Ј. Ђурић, Радионице митропоита Јована зографа, Зограф, 3, Београд 1969 28.

[34] Ј. Трифуноски, За средновековните села на манастирот Св. Андреја крај Треска, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, 4, Скопје 1951, 4—14.

[35] Στυλ. Πελικανίδης, Καστορία, I, Βυζαντιναί τοιχογραφίαι, Θεσσαλονίκη 1953.

[36] M. Lascaris, Deux chartes de Jean Uroš, Byzantion, t. XXV—XXVI—XXVII, Fasc. 1, Bruxelles 1957, 283—285.

[37] Р. Михаљчић, Крај српског царства, Београд 1975, 11—30.

Вториот познат Климентов портрет во Костур насликан е во малата еднобродна црква Св. Атанасие од 1383/34, заветнина на „преблагородните господа Стоја и Теодор Музаки“, а за време на првопрестолниот епископ Гаврил[38]. Климент е насликан во тричетвртински став, меѓу архиереите од композицијата Поколение на Христос — жртва, во ѓакониконот, на јужниот ѕид, зад св. Кирил Александриски, пред св. Ахилие Лариски[40]. Од архиерејските одежди носи полиставрион и омофор, пред себе држи затворено евангелеие, а во грчкита сигнатура се означува дека е насликан охридскиот светител. Овој лик спаѓа меѓу повпечатливите Климентови портрети од XIV век, со точно одбележување на физиономските белези, со одмерениот, сигурен цртеж и благородност на фигурата во целост.

Како што се сознава од ктиторскиот натипис, овој споменик настанал во време на владеењето на претставниците на феудалната куќа Музаки, а за време на архиерејството на првопрестолниот епископ костурски, којшто си го поврати високото звање прототрон по распаѓањето на државата на Симеон Урош Палеолог. Како што е познато, во тогашната многуменлива, политички ефемерна состојба во Костур, покрај Стоја и Теодор Музаки, претствници на албанската православна властела, како господар со спомнува уште и жупанот Радослав Хлапен, тест на кралот Марко[41], а во идните години се смета дека веќе била воспоставена непосредна турска власт.

За сликарската работилница што ги извела фреските во Св. Атанасија се смета дека работела и во Богородичната црква на преспанскиот остров Мал Град од 1368/69 и во црквата Христос Животодавец во село Борје на патот кон Корча, од 1390 год.[52] -Со право се заблежува дека евите на ова сликарство се наоѓаат во класицистичката фаза на зрелата палеологовска ренесанса од втората и третата деценија на XIV век. Но, во исто време треба да се истакне дека зографите на овие цркви работеле во блиската околина на архиепископскиот град Охрид, бидејќи веројатно, во Охрид не можеле да добијат позначајни порачки. Меѓутоа, во ктиторските натписи тие редовно ја истакнуваат јурисдикцијата на Охридската архиепископија. Уште ќе го спомнеме и фактот дека преспанско-костурскиот и деволскиот регион, каде што се наоѓаат трите споменици, беа населувани од Македонски Словени коишто во овој крај го прифатија и култот на св. Ахил Лариски чиј портрет е насликан во двете костурски цркви.

Во текот на XIV век остварен е најширок продор на Климентовите портрети во живописот во средишните делови на Балканот. Надвор од охридската диецеза тие се сликаат во северна Македонија, а потоа наоѓаат место во старите српски краишта, т.е. во Студеница, Грачаница

---

[38] Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство од XIV век, 103.

[39] Ктиторскиот натпис во целост е објавен кај В. Ј. Ђурић, Мали град — Св. Атанасије у Костуру-Борје, Зограф, 6, Београд 1975, 39 .

[40] За „секундарниот култ“ на св. Ахил во Преспа авторот на овој текст се осврнува во друга расправа.

[31] Р. Михаљчић, о. с., 170—17.

[32] В. Ј. Ђурић, о. с. 42—43.

крај Приштина и во Пеќската патријаршија. Нивното присуство во сликарската програма на двете цркви во Костур е сосема природно, дури пак, појавата на портретот во Св. Никола Орфанос во Солун зборуа за еден мошне значаен пробив кој посредно укажува на тоа дека зографите од почетокот на XIV век од Света Гора, Македонија и Србија, во определени фази на нивното создавање, имале блиски односи со Охрид и неговите црковни и културни традиции. Во подоцнежниот период, сè до почетокот на XVIII век, Климентовите ликови во уметноста на доцниот византиски период не излегоа надвор од теиротиријалните рамки на нивниот пробив остварен во XIV век.

Повеќето Климентови ликови од XIV век насликани надвор од Охрид се појавуваат во олтарскиот простор на спомениците, во композицијата Поклонение на Христос — жртва, во приодите кон олторот, или блиску до олтарската преграда. Неговите физиономски белези се засновуваат врз познавањето на основната „охридска редакција", којашто ја пренесуваат надвор од Охрид, во северна Македонија и Србија, зографите Михаил и Евтихие. Меѓутоа, дивергентниот третман на Климентовиот лик во почетокот на XIV век и појавите на типолошка замена со ликот на св. Климент Римски говорат за учеството на повеќе зографи кои работеле заедно со Михаил и Евтихие како нивни помошници и соработници на широкиот територијален појас меѓу Охрид, Солун со неговата поширока околина, Скопје, Пеќ и рашките краишта.

**Cvetan Grozdanov**

## LES PORTRAITS DE CLEMENT D'OHRID DATANTTANT DU XIV$^{e}$ SIECLE —HORS D'OHRID

Après la mort du célèbre maître slave Clément Ohrid en 916, celui-ci fut proclamé (canonisé) saint et célebré (chanté) comme étant le protecteur de la ville d'Ohrid et de tout son diocèse. Jusqu'à la fin du XIIIe siècle ses portraits sont présentés dans tout la région d'Ohrid, sans plus importante expression. En 1295, les grands peintres Mihaïl et Evtimé, terminèrent leur oeuvre — les fresques de l'église de la Scinte Vierge Marie Perivleptos (St Clément) à Ohrid, puis passèrent en Macèdoine du nord et en Serbie où il travaillèrent sur la comande du roi Milutin. Ces maîtres-peintres introduiirent dans leur programme artistique le personnage de Clément d'Ohrid après leur engagement à Ohrid.

Les oeuvres de l'atelier des peintres Mihaïl et Evtihie sont des portraits de Saint Klément d'Ohrid dans l'église Saint-Georges à Staro Nagoritshane, près de K6manovo, datant environ de 1316, puis à l'église royale de Saint — Joachim et Sainte Anne dans le complexe de Studenitza datant de 1314, dans l'église „L'Annonciation", dans l'eglise de la Vierge — Grachanitza datant d'environ 1320.

L'auteur de ce text commente particulièrement le portrait de Clémet Rimski dans l'église Saint Nikita près de Skopje, datant d'environ 1320,

et en relation avec l'apparition de l'èchange typique entre les portraits de Clèment d'Ohrid et Clément, pape de Rome. De même l'auteur s'intéresse aussi sur l'identification proposée du portrait de Saint Clément se trouvant dans l'église Saint Nicolas de Salonique detant d'environ 1320—1325. Au sujet de portrait de Clément d'Ohrid se trouvant dans l'église de Sainte Vierge dans le complexe du dioaèce de Petch, peint avant 1337, l'auteur insiste surtout sur l'intérêt du donateur de cette église, l'archevêque Danilo, envers le peronnga de Clément d'Ohrid.

Après avoir décrit les portraits de Clément se trouvant à Mateiche et satcha en Macédoine du nord, l'auteur se tourne plus en détails dur le por-e trait de Clément dans l'église Saint Dimitri, connu sous le nom de Monastère de Marco, près de Skopje, de 1376 ä 1377, à cette occasion, il écrit en détails bur ces fresques du protecteur du temple du roi Marco dans l'archevêché d'Ohrid, et la part des peintres d'Ohrid dans la décoration du Monastëre Sint Marco; puis il se tourne vers le portrait de Clément se trouvant dans l'église Saint André — Andréach près de Skopje datant des années 1388 1389. Dans la partie finale l'auteur s'interesse aux portraits de Clément se trouvant à Kostour (Kastoria) dans les églises: Saints Archanges et Saint Atanas.

A la fin il est montré que les portraits de Clément au XIVe siècle, afteignent les plus larges percées territoriales, depuis Salonique jusqu 'aux régions centrales de la Serbie.



Сл. 1. Св. Епимах и Св. Климент Охридски, Грачаница.



Сл. 2. Св. Климент Римски, Св. Никита, Скопје.




Сл. 3. Св. Климент Охридски, Псача, Крива Паленка.



Сл. 4. Св. Климент Охридски и Св. Власие, Марков Манастир, Скопје.